# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КУМАНОВО



| | | |
|---|---|---|
| „Службен гласник на Општина Куманово" Излегува по потреба-Издавач: Општина Куманово-Тел. 423-505 - Одговорен уредник Марија Крстевска | Година LXIII Број 1 Куманово 31 јануари 2018 год. | Претплата за 2017 година изнесува 2.000 денари. трезорска с-ка 100-0000000630-95 с-ка на буџетски корисник 7410140525630-18 приходна шифра 725939 |



1.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за утврдување на право на користење и на критериуми за доделување на средства во вид на еднократна парична помош и помош во натура**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на право на користење и на критериуми за доделување на средства во вид на еднократна парична помош и помош во натура, Бр. 09-668/11, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 30 јануари 2018 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-845/1
30 јануари 2018 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски,с.р.**

2.

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02 ), член 12 а во врска со член 79 став 1 и 2 и член 80 став 1 алинеа 1 и став 3 од Законот за социјална заштита („Службен весник на РМ" бр.79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14, 180/14, 33/15, 72/15, 104/15, 150/15, 173/15, 192/15, 30/16 и 163/17) и член 68 став 1 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07 и 8/15), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 30 јануари 2018 година, донесе

О Д Л У К А
**за утврдување на право на користење и на критериуми**

**за доделување на средства во вид на еднократна парична помош**
**и помош во натура**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува правото на парична помош кое се остварува во вид на еднократна парична помош и помош во натура, корисниците на помошта, критериумите за доделување и за користење на помошта, висината на утврдениот максимум на износот на помошта, како и постапката за остварување на правото.

Со правото на еднократна парична помош и помош во натура, од страна на Општината се врши обезбедување на остварување на социјална заштита на граѓаните, од средствата на Буџетот на Општина Куманово, во вид на еднократна парична помош и помош во натура.

Под помош во натура се подразбира обезбедување на облека, исхрана и други средства, неопходни за минимална егзистенција за граѓанинот и семејството.

**Корисници на помош**

Член 2

Со оваа Одлука е утврдено дека, како корисници на правото на еднократна парична помош и помош во натура од средствата на Буџетот на Општина Куманово, можат да се јават следниве категории на лица :

- Лица или семејства кои што се нашле во положба од социјален ризик заради оперативен зафат или болничко лекување во странство;
- Лица или семејства кои што се нашле во положба од социјален ризик заради претрпена природна непогода, епидемија, смрт, болест или подолготрајно лекување во болничка установа;
- Лице или семејство кое се нашло во положба од социјален ризик, кој не остава трајни последици, а за кои е неопходно социјално и материјално обезбедување.

**Критериуми за доделување и за користење на помошта**

Член 3

Правото на еднократна парична помош и помош во натура, може да биде искористено од страна на лицата утврдени во одредбата на член 2 од оваа Одлука, доколку ги исполнуваат следниве критериуми:

1. Подносителот на барањето да не е во состојба самостојно да ја оствари својата социјална сигурност и
2. Подносителот на барањето да е во состојба која може да се оквалификува како исклучително тешка.

**Висина на парична помош**

Член 4

Износот на само една еднократна парична помош во текот на годината може да изнесува до 300.000 денари и тоа:

- За задоволување на потребите на лице кое што се нашло во положба од социјален ризик, заради потреба од оперативен зафат или подолго лекување во здравствена установа во странство;

Износот на еднократната парична помош може да изнесува - до 30.000 денари, и тоа :

- за задоволување на потребите на лице или семејство кое се нашло во положба на социјален ризик, а која може да остави трајни последици, заради претрпена: природна непогода ( земјотрес, поплава, пожар ), епидемија и смрт на член на семејството;

Износот наеднократната парична помош може да изнесува - до 12.000 денари, и тоа :

- за задоволување на потребите на лице или семејство кое се нашло во положба на социјален ризик во случај на подолго лекување во здравствена установа.

Износот на еднократната парична помош може да изнесува - до 6.000 денари, и тоа :

- за задоволување на потребите на лицата од член 2, алинеа 3.

Член 5

Финансиската реализација на оваа Одлука ке се остварува преку соодветна програма, врз основа на усвоен Буџет на Општина Куманово за конкретна година, донесен во тековна година.

Средствата ке се доделуваат по претходно спроведена постапка, утврдена со оваа Одлука и Правилник за начинот на остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна парична помош и помош во натура и потребната документација за остварување на ова право .

**Постапка за остварување на правото**
**на еднократна парична помош и помош во натура**

Член 6

Исплатата за еднократна парична помош ќе се врши двапати во годината и тоа во шестиот и дванаесетиот месец во тековната година, додека апликациите за остварување на ова право ќе се поднесуваат во текот на тромесечјата непосредно пред месеците за исплата.

Поднесувањето на апликациите за остварување на правото ќе се врши во период од 01-ви до 05-ти секој месец во утврдените тромесечја за поднесување на барањата.

Во тромесечјата за поднесување на апликации за остварување на ова право влегуваат месеците март, април, мај, септември, октомври и ноември.

Исплатата на средства за еднократна парична помош во 2018 година ќе се изврши само во второто фискално полугодие од истата, а во првото фискално полугодие ќе биде запрена.

Член 7

Износот на еднократна парична помош – до 300.000 денари, може да се доделува само еднаш во текот на годината и тоа единствено за задоволување на потребите на едно исто лице кое се нашло во положба на социјален ризик поради оперативен зафат или подолго лекување во здравствена установа во странство.

Овие средства ќе се доделуваат еднаш годишно, по претходно спроведена постапка на јавно огласување, прибирање на барања, обработка и одлучување по истите.

Аплицирањето за наредната година ќе се врши во последното тромесечје од претходната фискална година. По барањата кои се примени, ќе се одлучува во првиот месец од тековната фискална година.

За доделување на средствата Градоначалникот на Општина Куманово одлучува со решение, а по предлог на посебна комисија.

Член 8

Заради законито, наменско и транспарентно користење на средствата за социјална заштита, Градоначалникот на Општина Куманово донесува „Правилник за начинот на остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна парична помош и помош во натура и потребната документација за остварување на ова право".

Член 9

Во итни и неодложни случаи, како и во услови на елементарна непогода, Градоначалникот има право да донесе решение за доделување на еднократна парична помош или помош во натура, без претходно спроведена постапка регулирана со одредбата на член 6 од оваа Одлука, како и да отстапи од максимумот утврден со оваа Одлука.

Во услови на елементарна непогода, Градоначалникот може да го донесе решението од став 1 од овој член само по Предлог на вонредно формирана Стручна комисија за проценка на штета, која претходно извршила увид на лице место, записнички ја констатирала фактичката состојба и дала стручен наод за висината на проценетата штета.

**Преодни и завршни одредби**

Член 10

Заради воспоставување на континуитет, во првото фискално полугодие од 2018 година, сите пристигнати барања во 2017 година ке се земат во предвид, со тоа што Комисијата има обврска да им се обрати на барателите со упатства и рок за дополнување на барањата со потребната документација.

Со спроведување на предвидената постапка ќе се отпочне веднаш по стапување на сила на оваа Одлука.

Член 11

Со денот на влегување во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката на Советот на Општина Куманово бр. 07-7507/16 од 15 јули 2010 година („Сл. гласник на Општина Куманово" бр. 13/2010).

Член 12

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09-668/11 Совет на Општина Куманово
30 јануари 2018 година Претседател,
Куманово **Атина Мургашанска, с.р.**

3.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово донесе

**Заклучок**

**за објавување на Одлука за давање согласност за обезбедени финансиски средства од Буџетот на Општина Куманово за 2018 година за ангажирање на 9 (девет) работници**

**преку агенција за привремени вработувања за потребите на општинската администрација на Општина Куманово**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност за обезбедени финансиски средства од Буџетот на Општината Куманово за 2018 година за ангажирање на 9 (девет) работници преку агенција за привремени вработувања за потребите на општинската администрација на Општина Куманово, Бр. 09-668/39, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 30 јануари 2018 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-873/1
30 јануари 2018 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски,с.р.**

4.

Врз основа на член 22 став 1 алинеа 2 и став 8, 12 и 13 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14 и 27/16) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07 и 8/15), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 30 јануари 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за обезбедени финансиски средства од Буџетот на Општината Куманово за 2018 година за ангажирање на 9 (девет) работници преку агенција за привремени вработувања за потребите на општинската администрација на Општина Куманово**

Член 1

Заради привремено зголемен обем на работа на општинската администрација на Општина Куманово, се дава согласност за обезбедени финансиски средства од средствата во Буџетот на Општината Куманово за 2018 година, од Програмата Е00 – Општинска администрација, од расходната ставка 427 – привремени вработувања, за ангажирање на 9 (девет) работници преку агенција за привремени вработувања се додека трае потребата на институцијата, а најдолго до една година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09-668/39
30 јануари 2018 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Атина Мургашанска, с.р.**

5.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово донесе

**Заклучок**
**за објавување на Програма за работа на Советот на Општина Куманово за 2018 година**

1. Се објавува Програмата за работа на Советот на Општина Куманово за 2018 година, Бр. 09-668/4, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 30 јануари 2018 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-838/1
30 јануари 2018 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски,с.р.**

6.

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 25 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07 и 8/15) и член 121 од Деловникот на Советот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 12/09), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 30 јануари 2018 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за работа на Советот на Општина Куманово за 2018 година**

## I ВОВЕД

Врз основа на Законот за локалната самоуправа, заради неговата имплементација, донесените повеќе закони со кои се создаваат нормативните основи за надлежностите на локално ниво, Статутот на Општина Куманово и Деловникот на Советот на Општина Куманово, Советот на Општината Куманово, за извршување на работите од својата надлежност донесува Програма за работа.

Програмата за работа на Советот во 2018 година ги дава основните рамки и насоки за работата на Советот, овозможува транспарентност во работата, но и простор за нејзино проширување и дополнување од надлежните субјекти, а во согласност со постојните и новите законски прописи што ќе се донесат во текот на годината.

## II СОДРЖИНА НА ПРОГРАМАТА

Реализацијата на содржината на Програмата ќе се одвива според следната динамика:

**Јануари-Февруари-Март**

1. Извештај за реализација на Програмата за работа на Советот на Општина Куманово за 2017 година
   Предлагач: Претседател на Советот на Општина Куманово
   Изготвувач: Сектор за поддршка на Градоначалникот и Советот на Општината, информирање и односи со јавноста и информатичка технологија

2. Програма за работа на Советот на Општината Куманово за 2018 година
   Предлагач: Комисија за изготвување на Предлог – Програма за работа на Советот на Општина Куманово
   Изготвувач: Комисија за изготвување на Предлог – Програма за работа на Советот на Општина Куманово

3. Програма за работа на ЈОУ Библиотека „Тане Георгиевски“ – Куманово за 2018 година
   Предлагач: Управен одбор на ЈОУ Библиотека „Тане Георгиевски“ – Куманово
   Изготвувач: ЈОУ Библиотека „Тане Георгиевски“ – Куманово

4. Годишен извештај за работа на ЈУ-ОУД „Професор Мијалковиќ“ - Куманово за учебната 2016/2017 година
   Предлагач : Управен одбор на ЈУ-ОУД „Професор Мијалковиќ“ - Куманово
   Изготвувач : ЈУ-ОУД „Професор Мијалковиќ“ – Куманово

5. Годишна програма за работа на ЈУ-ОУД „Професор Мијалковиќ“ - Куманово за учебната 2017/2018 година
   Предлагач : Управен одбор на ЈУ-ОУД „Професор Мијалковиќ“ - Куманово
   Изготвувач: ЈУ-ОУД „Професор Мијалковиќ“ – Куманово

6. Извештај за реализација на Програмата за урбанистичко планирање на подрачјето на Општина Куманово за 2017 година

7. Програмата за урбанистичко планирање на подрачјето на Општина Куманово за 2018 година
   Предлагач на материјалите по точките 6 и 7 : Градоначалник на Општина Куманово
   Изготвувач: Сектор за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина и природата

8. Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Куманово за IV квартал од 2017 година
   Предлагач: Градоначалник на Општина Куманово
   Изготвувач: Сектор за финансиски прашања

9. Извештај за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште, изградба и одржување на комунална инфраструктура на град Куманово за 2017 година и на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општината Куманово за 2017 година
   Предлагач: Градоначалник на Општина Куманово

Изготвувач: Сектор за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина и природата

10. Извештај за реализирани активности од Програмата за општа туристичка пропаганда и подобрување на условите за престој на туристите во Општина Куманово за 2017 година

11. Програма за локален економски развој на Општина Куманово за 2018 година
Предлагач на материјалите по точките 10 и 11: Градоначалник на Општина Куманово
Изготвувач: Сектор за администрирање на приходи, стратешко планирање и ЛЕР

12. Информација за превземени мерки и активности од страна на Полициска станица од општа надлежност Куманово во текот на второто полугодие од 2017 година
Предлагач: Командир на Полициска станица од општа надлежност – Куманово
Изготвувач: Сектор за внатрешни работи – Куманово

13. Годишен извештај за превземени мерки и активности на Полициска станица од општа надлежност Куманово за 2017 година
Предлагач: Командир на Полициска станица од општа надлежност – Куманово
Изготвувач: Сектор за внатрешни работи – Куманово

14. Годишен Извештај на Територијална противпожарна единица Куманово за 2017 година

15. Програма за работа на ТППЕ Куманово за 2018 година
Предлагач на материјалите по точките 14 и 15: Командир на ТППЕ Куманово
Изготвувач: Командир на ТППЕ Куманово

16. Извештај за деловно финансиско работење на Ј.П. „Чистота и зеленило“ - Куманово за период Октомври – Декември 2017 година
Предлагач: Управен одбор на Ј.П. „Чистота и зеленило“ - Куманово
Изготвувач: Ј.П. „Чистота и зеленило“ – Куманово

17. Финансиски Извештај за работа на Ј.П. „Пазаришта“ - Куманово за период Октомври – Декември 2017 година
Предлагач: Управен одбор на Ј.П. „Пазаришта“ - Куманово
Изготвувач: Ј.П. „Пазаришта“ - Куманово

18. Извештај за тримесечно финансиско работење на Ј.П. „Куманово – гас“ - Куманово од 01.10.2017 година до 31.12.2017 година
Предлагач: Управен одбор на Ј.П. „Куманово – гас“ - Куманово
Изготвувач: Ј.П. „Куманово - гас” - Куманово

19. Извештај за финансиско работење на Ј.П. „Куманово – паркинг“ - Куманово за период Октомври – Декември 2017 година
Предлагач: Управен одбор на Ј.П. „Куманово – паркинг“ - Куманово
Изготвувач: Ј.П. „Куманово – паркинг“ - Куманово

20. Извештај за реализација на Програма на културни манифестации во Општина Куманово за 2017 година

21. Стратешка програма за култура на Општина Куманово за периодот 2018 – 2023 година
Предлагач на материјалите по точките 20 и 21: Градоначалник на Општина Куманово
Изготвувач: Сектор за култура, спорт, социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита

22. Завршна сметка на Буџетот на Општина Куманово за 2017 година

23. Годишен извештај на Општина Куманово за 2017 година.
Предлагач на материјалите по точките 22 и 23: Градоначалник на Општина Куманово
Изготвувач: Сектор за финансиски прашања

24. Извештај за работа на ЈОУ Библиотека „Тане Георгиевски" - Куманово за 2017 година
Предлагач: Управен одбор на ЈОУ Библиотека „Тане Георгиевски" - Куманово
Изготвувач: ЈОУ Библиотека „Тане Георгиевски" – Куманово

25. Извештај за реализација на Програмата за работа на Фондацијата за култура и спорт „Куманово" - Куманово за 2017 година
Предлагач: Одбор на Фондацијата за култура и спорт „Куманово" - Куманово
Изготвувач: Фондација за култура и спорт „Куманово" - Куманово

26. Информација за реализирани активности од страна на Одделението за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита за 2017 година

27. Оперативен план за реализација на Програмата за развој на социјалната заштита во Општина Куманово 2018 – 2021 за 2018 година
Предлагач на материјалите по точките 26 и 27: Градоначалник на Општина Куманово
Изготвувач: Сектор за култура, спорт, социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита

28. Извештај за реализација на Програмата за развој на спортот и рекреативните активности на граѓаните во Општина Куманово за 2017 година
Предлагач: Општински сојуз на спортови
Изготвувач: Општински сојуз на спортови

29. Извештај за реализација на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Куманово за 2017 година

30. Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Куманово за 2018 година

31. Одлуки за донесување на детални урбанистички планови за делови од урбани единици на град Куманово, урбанистички планови за села и урбанистички планови вон населени места и утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација
Предлагач на материјалите по точките 29, 30 и 31: Градоначалник на Општина Куманово
Изготвувач: Сектор за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина и природата

32. Извештај за работа на Ј.П. „Водовод“ - Куманово за 2017 година

33. Финансиски извештаи/Годишна сметка на Ј.П. „Водовод“ - Куманово за 2017 година
Предлагач на материјалите по точките 32 и 33: Управен одбор на Ј.П. „Водовод“ - Куманово
Изготвувач: Ј.П. „Водовод“ – Куманово

34. Извештај за работа на Ј.П. „Пазаришта“ - Куманово за 2017 година

35. Финансиски извештај за работа на Ј.П. „Пазаришта“ - Куманово за период Јануари - Декември 2017 година
Предлагач на материјалите по точките 34 и 35: Управен одбор на Ј.П. „Пазаришта“ - Куманово
Изготвувач: Ј.П. „Пазаришта“ - Куманово

36. Извештај за работа на Ј.П. „Чистота и зеленило“ - Куманово за 2017 година
Предлагач: Управен одбор на Ј.П. „Чистота и зеленило“ - Куманово
Изготвувач: Ј.П. „Чистота и зеленило“ – Куманово

37. Извештај за работа на Ј.П. „Куманово – гас“ - Куманово за 2017 година

38. Годишна сметка и финансиски извештај на Ј.П. „Куманово – гас“ – Куманово за 2017 година
Предлагач на материјалите по точките 37 и 38: Управен одбор на Ј.П. „Куманово – гас“ - Куманово
Изготвувач: Ј.П. „Куманово – гас“ – Куманово

39. Извештај за работа на Ј.П. „Куманово – паркинг“ – Куманово за 2017 година
Предлагач: Управен одбор на Ј.П. „Куманово – паркинг“ - Куманово
Изготвувач: Ј.П. „Куманово – паркинг“ – Куманово

40. Програма за управување со отпад во Општина Куманово за 2018 година

41. Програма за амбиентален воздух во Општина Куманово за 2018 година
Предлагач на материјалите по точките 40 и 41: Градоначалник на Општина Куманово
Изготвувач: Сектор за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина и природата

42. Локален еколошки акционен план на Општина Куманово 2018 – 2020 година
    Предлагач: Градоначалник на Општина Куманово
    Изготвувач: Надворешен консултант

43. Локален акционен план на Општина Куманово во областа вработување, домување, образование, здравство и жената Ромка за период 2018 – 2020

44. Програма за реализирање на активности предвидени според Локален акционен план на Општина Куманово во областа вработување, домување, образование, здравство и жената Ромка за период 2018 – 2020 за тековната 2018 година
    Предлагач на материјалите по точките 43 и 44: Градоначалник на Општина Куманово
    Изготвувач: Сектор за култура, спорт, социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита

45. Информација за состојбата и процесот на децентрализација на ЈУ-ОУД „Професор Мијалковиќ" – Куманово
    Предлагач: Градоначалник на Општина Куманово
    Изготвувач: Сектор за образование

46. Советнички прашања.

**Април - Мај - Јуни**

1. Информација за реализирани активности на Секторот за меѓународна соработка и евроинтеграции во 2017 година
   Предлагач: Градоначалник на Општина Куманово
   Изготвувач: Сектор за меѓународна соработка и евроинтеграции

2. Програма за меѓународна соработка и евроинтеграции на Општина Куманово за 2018 година
   Предлагач: Градоначалник на Општина Куманово
   Изготвувач: Сектор за меѓународна соработка и евроинтеграции

3. Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Куманово за I квартал од 2018 година
   Предлагач: Градоначалник на Општина Куманово
   Изготвувач: Сектор за финансиски прашања

4. Буџетски календар за Општина Куманово за 2018 година
   Предлагач: Градоначалник на Општина Куманово
   Изготвувач: Сектор за финансиски прашања

5. Информација за движењето на заразните болести во Општината во 2017 година
   Предлагач: ЈЗУ Центар за јавно здравје - Куманово

Изготвувач: ЈЗУ Центар за јавно здравје - Куманово

6. Одлуки за донесување на детални урбанистички планови за делови од урбани единици на град Куманово, урбанистички планови за села и урбанистички планови вон населени места и утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација
   Предлагач: Градоначалник на Општина Куманово
   Изготвувач: Сектор за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина и природата

7. Тримесечен извештај за финансиско работење на Ј.П. „Водовод" - Куманово за период од 01.01.2018 – 31.03.2018 година;
   Предлагач: Управен одбор на Ј.П. „Водовод" - Куманово
   Изготвувач: Ј.П. „Водовод" - Куманово

8. Финансиски Извештај за работа на Ј.П. „Пазаришта" - Куманово за периодот Јануари - Март 2018 година
   Предлагач: Управен одбор на Ј.П. „Пазаришта" - Куманово
   Изготвувач: Ј.П. „Пазаришта" - Куманово

9. Извештај за деловно-финансиско работење на Ј.П. „Чистота и зеленило" – Куманово за период Јануари – Март 2018 година;
   Предлагач: Управен одбор на Ј.П. „Чистота и зеленило" - Куманово
   Изготвувач: Ј.П. „Чистота и зеленило" - Куманово

10. Тримесечен извештај за финансиско работење на Ј.П. „Куманово – гас" - Куманово од 01.01.2018 - 31.03.2018 година
    Предлагач: Управен одбор на Ј.П. „Куманово – гас" - Куманово
    Изготвувач: Ј.П. „Куманово – гас" - Куманово

11. Извештај за финансиско работење на Ј.П. „Куманово – паркинг" - Куманово за период од 01.01.2018 – 31.03.2018 година;
    Предлагач: Управен одбор на Ј.П. „Куманово – паркинг" - Куманово
    Изготвувач: Ј.П. „Куманово – паркинг" – Куманово

12. Информација за состојбите на училишните објекти на општинските основни училишта во кои не се одржува воспитно – образовниот процес
13. Акционен план за реализација на Стратегијата за меѓуетничка интеграција во образованието на Општина Куманово
    Предлагач на материјалите по точките 12 и 13: Градоначалник на Општина Куманово
    Изготвувач: Сектор за образование

14. Формирање на Совет за заштита на потрошувачите
    Предлагач: Комисија за мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Куманово

15. Советнички прашања

**Јули -Август – Септември**

1. Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општината Куманово за II квартал од 2018 година
   Предлагач : Градоначалник на Општина Куманово
   Изготвувач: Сектор за финансиски прашања

2. Годишни извештаи за работа на општинските основни училишта во Општината Куманово во учебната 2017/2018 година

3. Годишни програми за работа на општинските основни училишта во Општината Куманово во учебната 2018/2019 година
   Предлагач на материјалите по точките 2 и 3 : Училишни одбори на општинските основни училишта
   Изготвувач: Општински основни училишта

4. Годишни извештаи за работа на општинските средни училишта во Општината Куманово во учебната 2017/2018 година

5. Годишни програми за работа на општинските средни училишта во Општината Куманово во учебната 2018/2019 година
   Предлагач на материјалите по точките 4 и 5 : Училишни одбори на општинските средни училишта
   Изготвувач : Општински средни училишта

6. Годишен извештај за работа на ЈУ-ОУД „Професор Мијалковиќ" - Куманово за учебната 2017/2018 година

7. Годишна програма за работа на ЈУ-ОУД „Професор Мијалковиќ" - Куманово за учебната 2018/2019 година
   Предлагач на материјалите по точките 6 и 7: Управен одбор на ЈУ-ОУД „Професор Мијалковиќ" - Куманово
   Изготвувач: ЈУ-ОУД „Професор Мијалковиќ" – Куманово

8. Извештај за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште, изградба и одржување на комунална инфраструктура на град Куманово и на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Куманово за периодот од 1 јануари 2018 година до 30 јуни 2018 година
   Предлагач : Градоначалник на Општина Куманово
   Изготвувач: Сектор за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина и природата

9. Тримесечен извештај за финансиско работење на Ј.П. „Водовод" - Куманово за период од 01.04.2018 – 30.06.2018 година

Предлагач: Управен одбор на Ј.П. „Водовод" - Куманово
Изготвувач: Ј.П. „Водовод" - Куманово

10. Финансиски Извештај за работа на Ј.П. „Пазаришта" - Куманово за периодот Април – Јуни 2018 година
Предлагач: Управен одбор на Ј.П. „Пазаришта" - Куманово
Изготвувач: Ј.П. „Пазаришта" - Куманово

11. Извештај за деловно-финансиско работење на Ј.П. „Чистота и зеленило" – Куманово за период Април – Јуни 2018 година
Предлагач: Управен одбор на Ј.П. „Чистота и зеленило" - Куманово
Изготвувач: Ј.П. „Чистота и зеленило" - Куманово

12. Тримесечен Извештај за финансиско работење на Ј.П. „Куманово – гас" - Куманово од 01.04.2018 - 30.06.2018 година
Предлагач: Управен одбор на Ј.П. „Куманово – гас" - Куманово
Изготвувач: Ј.П. „Куманово – гас" - Куманово

13. Извештај за финансиско работење на ЈП „Куманово – паркинг" - Куманово за период од 01.04.2018 – 30.06.2018 година;
Предлагач: Управен одбор на Ј.П. „Куманово – паркинг" - Куманово
Изготвувач: Ј.П. „Куманово – паркинг" - Куманово

14. Одлуки за донесување на детални урбанистички планови за делови од урбани единици на град Куманово, урбанистички планови за села и урбанистички планови вон населени места и утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација
Предлагач: Градоначалник на Општина Куманово
Изготвувач: Сектор за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина и природата

15. Информација за превземени мерки и активности од страна на Полициска станица од општа надлежност Куманово, во текот на првото полугодие од 2018 година
Предлагач: Командир на Полициска станица од општа надлежност – Куманово
Изготвувач: Сектор за внатрешни работи – Куманово

16. Годишен извештај за работа на ЈОУД-Детска градинка „Ангел Шајче" - Куманово за 2017/2018 година

17. Годишна програма за работа на ЈОУД-Детска градинка „Ангел Шајче" - Куманово за 2018/2019 година
Предлагач на материјалите по точките 16 и 17 : Управен одбор на ЈОУД-Детска градинка „Ангел Шајче" – Куманово
Изготвувач: ЈОУД-Детска градинка „Ангел Шајче" – Куманово

18. Информација за остварување на приходите по основ на даноци и такси за период од 01.01.2018 до 31.08.2018 година

Предлагач: Градоначалник на Општина Куманово
Изготвувач: Сектор за администрирање на приходи, стратешко планирање и ЛЕР

19. Информација за активностите на инспекциските органи во Општина Куманово
Предлагач: Градоначалник на Општина Куманово
Изготвувач: Сектор за инспекциски надзор – Инспекторат

20. Советнички прашања

**Октомври - Ноември -Декември**

1. Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општината Куманово за III квартал од 2018 година
Предлагач: Градоначалник на Општина Куманово
Изготвувач: Сектор за финансиски прашања

2. Информација за запишување на учениците во I година и состојби на средните училишта и ЈУ – ОУД „Професор Мијалковиќ“ во Општина Куманово во учебната 2018/2019 година

3. Информација за запишување на училишните обврзници во прво одделение во општинските основни училишта и состојби во основното образование во Општина Куманово во учебната 2018/2019 година
Предлагач на материјалите по точките 2 и 3 : Градоначалник на Општина Куманово
Изготвувач: Сектор за образование

4. Информација за легализација на бесправно изградени објекти во Општина Куманово
Предлагач: Градоначалник на Општина Куманово
Изготвувач: Сектор за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина и природата

5. Тримесечен извештај за финансиско работење на Ј.П. „Водовод“ - Куманово за период од 01.07.2018 – 30.09.2018 година
Предлагач : Управен Одбор на Ј.П. „Водовод“ Куманово
Изготвувач : Ј.П. „Водовод“ Куманово

6. Финансиски Извештај за работа на Ј.П. „Пазаришта“ - Куманово за периодот Јули – Септември 2018 година
Предлагач: Управен одбор на Ј.П. „Пазаришта“ - Куманово
Изготвувач: Ј.П. „Пазаришта“ - Куманово

7. Извештај за деловно-финансиско работење на Ј.П. „Чистота и зеленило“ – Куманово за период Јули – Септември 2017 година
Предлагач: Управен одбор на Ј.П. „Чистота и зеленило“ - Куманово
Изготвувач: Ј.П. „Чистота и зеленило“ - Куманово

8. Извештај за тримесечно финансиско работење на Ј.П. „Куманово – гас“ - Куманово од 01.07.2018 - 30.09.2018 година
   Предлагач: Управен одбор на Ј.П. „Куманово – гас“ – Куманово
   Изготвувач: Ј.П. „Куманово – гас“ - Куманово

9. Извештај за финансиско работење на Ј.П. „Куманово – паркинг“ - Куманово за период од 01.07.2018 – 30.09.2018 година;
   Предлагач: Управен одбор на Ј.П. „Куманово – паркинг“ - Куманово
   Изготвувач: Ј.П. „Куманово – паркинг“ - Куманово

10. Одлуки за донесување на детални урбанистички планови за делови од урбани единици на град Куманово, ГУП, урбанистички планови за села и урбанистички планови вон населени места и утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација
    Предлагач: Градоначалник на Општина Куманово
    Изготвувач: Сектор за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина и природата

11. Програма за развој на спортот и рекреативни активности на граѓаните во Општина Куманово за 2019 година
    Предлагач: Општински сојуз на спортови
    Изготвувач: Општински сојуз на спортови

12. Програма на културни манифестации во Општина Куманово за 2019 година
    Предлагач: Градоначалник на Општина Куманово
    Изготвувач: Сектор за култура, спорт, социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита

13. Програма за работа на Фондацијата за култура и спорт „Куманово“ - Куманово за 2019 година
    Предлагач: Одбор на Фондацијата за култура и спорт „Куманово“ - Куманово
    Изготвувач: Фондација за култура и спорт „Куманово“ - Куманово

14. Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во 2019 година
    Предлагач: Градоначалник на Општина Куманово
    Изготвувач: Сектор за култура, спорт, социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита

15. Програма за работа на ЈОУ Библиотека „Тане Георгиевски“ – Куманово за 2019 година
    Предлагач: Управен одбор на ЈОУ Библиотека „Тане Георгиевски“ – Куманово
    Изготвувач: ЈОУ Библиотека „Тане Георгиевски“ – Куманово

16. Одлука за спроведување на мерки за субвенционирање на трошоци за комунални услуги и на јавен градски превоз во Општина Куманово за 2019 година

Предлагач: Градоначалник на Општина Куманово
Изготвувач: Сектор за култура, спорт, социјална заштита, заштита на деца и здравствена заштита

17. Акционен план за енергетска ефикасност на Општина Куманово за 2019 година

18. План на програми за развој на Општина Куманово за 2019 година

19. Програма за уредување на градежно земјиште, изградба и одржување на комунална инфраструктура на град Куманово за 2019 година

20. Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општината Куманово за 2019 година
Предлагач на материјалите по точките 17, 18, 19 и 20: Градоначалник на Општина Куманово
Изготвувач: Сектор за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина и природата

21. Програма за работа на Ј.П. „Водовод" – Куманово за 2019 година
Предлагач: Управен одбор на Ј.П. „Водовод" - Куманово
Изготвувач: Ј.П. „Водовод" – Куманово

22. Програма за уредување и одржување на градско зеленило во Куманово за 2019 година

23. Програма за одржување јавна чистота на јавни сообраќајни површини во Куманово за 2019 година
Предлагач на материјалите по точките 22 и 23: Управен одбор на Ј.П. „Чистота и Зеленило" – Куманово
Изготвувач: Ј.П. „Чистота и зеленило" – Куманово

24. Програма за работа на Ј.П. „Пазаришта" – Куманово за 2019 година
Предлагач: Управен одбор на Ј.П. „Пазаришта" - Куманово
Изготвувач: Ј.П. „Пазаришта" – Куманово

25. Програма за работа на Ј.П. „Куманово - гас" – Куманово за 2019 година
Предлагач: Управен одбор на Ј.П. „Куманово – гас" - Куманово
Изготвувач: Ј.П. „Куманово – гас" – Куманово

26. Програма за работа на ЈП „Куманово – паркинг" – Куманово за 2019 година

27. Програма за користење, одржување, реконструкција и изградба на јавното осветлување на подрачјето на Општина Куманово за 2019 година

28. Програма за повластено користење на паркинг услуги на јавните паркиралишта и јавните површини наменети за паркирање со кои стопанисува Ј.П. „Куманово – паркинг“ – Куманово од страна на лица со посебни потреби за 2019 година
    Предлагач на материјалите по точките 26, 27 и 28: Управен одбор на Ј.П. „Куманово - паркинг“ – Куманово
    Изготвувач: Ј.П. „Куманово – паркинг“ – Куманово

29. Одлука за измена и дополнување на Буџетот на Општина Куманово за 2018 година

30. Буџет на Општина Куманово за 2019 година

31. Одлука за извршување на Буџетот на Општина Куманово за 2019 година

32. Одлука за утврдување на вредноста на бод за плата на државни службеници за 2019 година

33. Одлука за утврдување на висината на благајнички максимум за готовинско плаќање од Буџетот на Општина Куманово за 2019 година
    Предлагач на материјалите по точките 29, 30, 31, 32 и 33: Градоначалник Општина Куманово
    Изготвувач: Сектор за финансиски прашања

34. Советнички прашања

III Програмата за работа на Советот на Општина Куманово за 2018 година има отворен карактер, така што Советот ќе ги разгледува и сите други дополнителни прашања што ќе произлезат од тековното работење, а за кои што Советот има законска надлежност да расправа. Исто така, доколку има потреба, Советот покренува разни иницијативи пред државните и други органи за решавање на соодветни прашања и проблеми што се од интерес и значење на граѓаните и дава мислење по соодветни закони и одлуки што ги донесуваат повисоките органи.

IV Во текот на годината во организација на Советот на Општината ќе се одржат јавни трибини и дебати за состојбите во областа на животната средина, сообраќајот и урбанистичкото планирање.

V За извршување на Програмата се задолжуваат предлагачите, изготвувачите и сите останати учесници во изготвување на материјалите да се придржуваат на роковите утврдени со Програмата.

VI Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09-668/4 Совет на Општина Куманово
30 јануари 2018 година Претседател,
Куманово **Атина Мургашанска, с.р.**

7.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово донесе

**Заклучок**
**за објавување на Програма за урбанистичко планирање на подрачјето на Општина Куманово за 2018 година**

1. Се објавува Програмата за урбанистичко планирање на подрачјето на Општина Куманово за 2018 година, Бр. 09-668/13, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 30 јануари 2018 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-847/1
30 јануари 2018 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски,с.р.**

8.

Врз основа на член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 25 став 1 точка 1 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07 и 8/15), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 30 јануари 2018 година, донесе

ПРОГРАМА
ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО
НА ОПШТИНА КУМАНОВО ЗА 2018 ГОДИНА

ВОВЕД:

Со оваа Програма се уредува:

I. Урбанизација
II. Изворите на финансирање на Програмата
III. Средства наменети за урбанистичко планирање
IV. Динамика за извршување на Програмата
V. Преодни и завршни одредби

I. УРБАНИЗАЦИЈА

Урбанизацијата е сложен и динамичен процес кој како поим подразбира изготвување, донесување и спроведување на Урбанисти планови со цел да се обезбедат услови за континуиран просторен развој на цаелата општина, уредување, користење и заштита на просторот во рамките на општината. Преку спроведување на погоре изнесените ставки локалната самоуправа ќе обезбеди зголемување на степенот на хуманост на живеењето и подобрување на условите за работа, уредување и хармонизација на просторот, зголемување на вредноста на земјиштето како и обезбедување на заштита на недвижното културно наследство, животната средина и природата.

Како основни задачи од аспект на урбанистичко планирање во 2018 година би требало да се реализираат следните активности:

- Спроведување на постапка за донесување на нов Генерален Урбанистички План на град Куманово.
- Изработка на студии за потребите на ГУП.
- Изработка на услови за планирање на просторот за дел за кој ќе се изврши проширување на ГУП.
- Изработка на архитектонско урбанистичко решение за изградба на подземна катна гаража со партерно уредување на малиот плоштад .
- Ревизија на постојни Детални урбанистички планови и нивно прилагодување на постојниот ГУП и законската регулатива.
- Изработка на детални урбанистички планови за урбани единици за кои што досега нема донесено ДУП-ови.
- Изработка на урбанистичко планска документација со цел вклопување на објектите кои согласно Законот за постапување со бесправно изградени градби го решиле својот статус.
- Урбанистичко-архитектонски проекти за санација и реконструкција на објекти со амбиетална архитектура и зачувување на градителско наследство.
- Изработка и донесување на урабнистички планови за села кои се наоѓаат на територијата на Општина Куманово
- Согласно член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.199/14, 44/15 ,193/15, 31/16 и 163/16) Објавување на Јавени повици во првиот и третиот квартал од годината за доставување на иницијативи за изработка на урбанистички планови од страна на заинтересирани физички и правни лица.

Во наредниот период како континуитет на досегашните активности од доменот на урбанистичкото планирање потребно е:

## А. ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ГРАД КУМАНОВО

Со донессување на Одлуката за пристапување кон изработка на Генерален урбанистички план за град Куманво отпочната е постапка за донесување на истиот. Како една од основните потреби во постапката е потребата од целосна анализа на постојната сообраќајна мрежа и изработка на сообраќајна студија, суштинска и целосна анализа на постојната планска документација, како и согледување на условите за проширување на градежен опфат на самиот

план имајќи во предвид дека оклоу град Куманово гравитираат повеќе приградски населби како што се Карпош, Иго Тричковиќ, Долно Којнаре, Железничка Станица и Јане Сандански, а за кои не постои можност за изготвување на друга планска документација.

За спроведување на се погоре изнесеното е изработена Програма за изработка на ГУП за град Куманово, во која програма се дефинирани сите активности кои ќе бидат превземени во процесот на изработка на ГУП.

## Б. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

Со изработка и усвојување на досегашните Детални урбанистички планови одделени делови на градот не се опфатени со никаква урбанистичка документација. Заради тоа потребно е да се изработат Детални урбанистички планови за селднивте Урбани единици:

- дел од УЕ Долно Којнаре
- дел од УЕ Проевце
- дел од УЕ 1
- дел од УЕ 2
- дел од УЕ Индустрија

По донесување на новиот Законот за просторно и урбанистичко планирање сл. весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16 и Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот потребно е да се извршат усогласувања на Деталните урбанистички планови за следните урбани единици:

- УЕ Тоде Мендол
- УЕ Бајрам Шабани
- УЕ 11-ти Ноември
- УЕ 11-ти Октомври
- УЕ Х.Т.Карпош
- УЕ Панче Пешев
- УЕ Центар
- УЕ Трета МУБ
- УЕ Б.С.Гојчо
- УЕ Гоце Делчев
- УЕ Перо Чичо
- УЕ Стари лојза
- УЕ 1
- УЕ 2
- УЕ Индустрија
- УЕ Бедиње

**Согласно член 78** од Законот за просторно и урбанистичко планирање, со урбанистички планови предмет на планирање може да биде и една градежна парцела (ДУПП), а може да се врши и нивно изменување и дополнување во рамките на една градежна парцела. ДУПП може да се врши по барање на сите заинтересирани собјекти во рамките на опфатот на град Куманово.

## В. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО

Во составот на Општина Куманово покрај градот влегуваат и повеќе села за кои согласно член 12 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ РМ бр.199/14, 44/15 , 193/15, 31/16 и 163/16) се планира да се изработат урбанистички планови за село.Тоа се однесува за следните села:

- Агино Село, Бедиње, Бељаковце, Биљановце, Брзак, Вак'в, Винце, Габреш, Горно Којнаре, Градиште, Дл'га, Доброшане, Довезенце, Длно Којнаре, Живиње, Зубовце, Јачинце, Карабачани, Клечовце, Кокошиње, Колицко, Косматац, Кутлибег, Кучкарево, К'шање, Лопате, Љубодраг, Мургаш, Ново Село, Новосељане, Орашац, Пезово, Проевце, Пчиња, Режановце, Речица, Романовце, Скачковце, Сопот, Студена Бара, Сушево, Табановце, Тромеѓа, Умин Дол, Черкезе, Четирце, Шупли Камен, Вуиновиќ и Костурник

Согласно Програмата за подржка на руралниот развој и земјоделството Општина Куманово преку апликација до Агенција за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој обезбеди средства за изработка на Урбанистички план **за село Романовце** чија изработка е во тек.

## Г. УРБАНИСТЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО

Урбанистички план за вон населено место се донесува по потреба за плански опфат, за подрачје на општините кои не се опфатени со генералните урбанистички планови и со урбанистичките планови за село. Согласно член 13 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, план за вон населено место се донесува по барање на сите заинтересирани физички и правни субјекти. Со овој план се утврдува намена и начин на користење на просторот, како и услови за градење на комплекси и градби вон од градовите и другите населени места.

УПВНМ се изработува и се донесува врз основа на издадени услови за планирање на просторот што ги издава министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со агенцијата за планирање на просторот.

## Д. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО

Согласно член 46 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, локална урбанистичка планска документација е планска документација со која може да се врши уредување и користење на просторот со определување на градежна парцела вон плански опфат, за градби утврдени со закон како градби од втора категорија, по барање на сите заинтересирани субјекти, на територијата на Општина Куманово.

ЛУПД за вон населено место се изработува и се донесува врз основа на издадени услови за планирање на просторот што ги издава министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со агенцијата за планирање на просторот.

Изработката на ЛУПД може да биде финасирана од заинтересирани физички и правни лица.

## Ѓ. ЛЕГАЛИЗАЦИЈА

За спроведување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти сл.весник на Р.М бр.23/2011,54/11 ,155/12 ,72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15 и 217/15 а со цел вклопување на што е можно поголем број на бесправни објекти, со Програмата за урбанистичко планирање на подрачјето на Општина Куманово се предвидува усвојување на повеќе одлуки од страна на Советот за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намената на бесправните објекти со намената предвидена во планската документација, како и донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши промена на трасата на сообраќајната инфраструктура или инфраструктурата нема да се предвиди.

Согласно член 20 став 7 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти во планската докуметација (ДУП-ви, УП за Село, УП за вон населено место....) која ќе биде изработена согласно ова Програма ќе бидат вклопени бесправните објекти кои го решиле својот статус.

## Е. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЧИЈА ПРОЦЕДУРА Е ВО ТЕК

### Е.1

Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 51/05, 137/07 ,91/09, 124/10 ,18/11 ,53/11 , 144/12 ,55/13, 163/13 и 42/14) во процедура се следниве урбанистички планови и друга урбанистичко планска документација

Е.1.1 Предлог ДУП за дел од УЕ Гоце Делчев дел од УБ 31 плански опфат меѓу ул. Теофан Економов, Никшичка, ул. Тоде Думба и пешачка патека.

Е.1.2 Предлог ДУП за дел од УЕ Трета МУБ дел од УБ 48 дел 2 и дел од УЕ Б.С.Гојчо дел од УБ 44 плански опфат меѓу бул. Трета МУБ, ул. Перо Чичо, ул. Прва Петолетка и ул. Миле Кипра.

Е.1.3 Предлог Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од У.Е. "Бајрам Шабани", дел од Урбан блок 56 Плански опфат меѓу бул. "Трета МУБ" , ул."Перо Наков" ул."Салтир Наумов" и ул."Народна Револуција".

Е.1.4 Предлог Измена и дополна Детален урбанистички план за дел од У.Е. "Х.Т.карпош", дел од Урбан блок 64-ж Плански опфат меѓу ул. "Х.Т.Карпош" , ул."Киро Фетак" и "Пролетерски Бригади".

Е.1.5 Предлог ДУП за дел од УЕ Центар дел од УБ 43-д плански опфат меѓу ул. Тане Горгиев, Перо Чичо, ул. Среќко Пужаљка и ул. Професор Мијалковиќ.

Е.1.6 Предлог Детален урбанистички план за дел од У.Е. "11-ти Октомври", дел од Урбан блок 37 ,плански опфат меѓу ул. "Јоско Илиевски" , ул."Јоско Илиевски 1" , ул."Новопланирана 1" и ул. "Гиго Цветковски" – Општина Куманово

Е.1.7 Предлог-Измена и дополна на Генерален Урбанистички план за град Куманово за УЕ Перо Чичо УБ 19, УЕ 11-ти Октомври Уб 37 и 40, УЕ Б.С.Гојчо УБ 46 и 47, УЕ Тоде Мендол УБ 60 и 62 и УЕ 11 –ти Ноември УБ 66- Општина Куманово

Е.1.8 Предлог ДУП за дел од УЕ Долно Којнаре дел од УБ 3 плански пофат меѓу ул. Никола Тесла, ул.101, ул. 201 и ул301 – Општина Куманово

Е.1.9 Предлог Детален урбанистички план за дел од У.Е. "Перо Чичо", дел од Урбан блок 18 плански опфат меѓу граница на Урбана Единица 1, ул. "Ѓорче Петров" , ул. "Ѓорче Петров 1" , КП 19592, и КП 19593.

Е.1.10 Предлог Детален урбанистички план за дел од У.Е. "Трета МУБ", дел од Урбан блок 48 дел 6 плански опфат меѓу ул. "Миле Кипра" , ул. "Трета МУБ" , ул."Драган Стопаревиќ" и ул."Перо Шварц".

Е.1.11 Предлог Детален урбанистички план за дел од УЕ Долно Којнаре дел од УБ 4 и 5 плански опфат меѓу Државен пат А1 Скопје-Белград, дражавен пат А2 Скопје Крива Паланка, крак 1 на ул. Никола Тесла, крак 5 на ул. Никола Тесла, крак 2 и 3 на ул. Никола Тесла, ул. Никола Тесла и крак 4 на ул. Никола Тесла.

Е.1.12 Предлог Детален урбанистички план за дел од УЕ Х.Т.Карпош дел од УБ 64-в плански опфат меѓу ул. Вера Циривири Трена, ул.Х.Т.Карпош, ул. Београдска и ул. 1-ви Мај.

Е.1.13 Предлог Измена и дополна на Генерален Урбанистички план за град Куманово за УЕ Стари Лојза УБ 11, дел од УЕ 1 УБ 7 и УБ 24 дел од УЕ Тоде Мендол УБ 63 - Општина Куманово

Е.1.14 Предлог ДУП за дел од УЕ 11-ти Ноември УБ 65-б и дел од 65-г плански опфат меѓу крак на ул.11-ти Ноември, ул. Пролетерски Бригади, ул. Крсте Мисирков, крак на ул. Цар Самоил и ул. Цар Самоил.

Е.1.15 Предлог Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од У.Е. "11-ти Ноември", дел од Урбан блок 67 плански опфат меѓу ул. "Вера Јоциќ" , ул. "Сава Ковачевиќ" , ул. "11-ти Октомври" и ул."Србо Томовиќ" .

Е.1.16 Предлог Детален урбанистички план за дел од У.Е. "Перо Чичо" дел од Урбан блок 16 ,плански опфат меѓу ул. "Веселин Маслеша" , ул."Михајло Пупин" , ул. "Ѓорче Петров" , КП 12928, КП 12927, ул. "Будимир Димковски" и пешачка патека – Општина Куманово

Е.1.17Предлог Детален урбанистички план за дел од УЕ Перо Чичо дел од УБ 14 плански опфат меѓу ул. Ѓуро Пуцар Стари, ул. Благоја Думановски, ул. Јован Јовановиќ Змај и ул. Михајло Пупин.

Е.1.18 Предлог измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од УЕ Тоде Мендол дел од УБ 62 плански опфат меѓу ул. Тоде Мендол, Перо Илиевски, ул. Рушит Шакири и ул. 1.

Е.1.19 Предлог Детален урбанистички план за дел од УЕ Тоде Мендол дел од УБ 62 плански опфат меѓу ул. Тоде Мендол, ул. Браќа Филиповиќ, граница на наменска зона и ул. Вук Караџиќ.

Е.1.20 Нацрт ДУП за дел од УЕ Долно Којнаре УБ 1, 2 и 3

Е.1.21 Нацрт ДУП за дел од УЕ Б.С.Гојчо дел од УБ 44 (дел ЕиЖ), Плански опфат меѓу ул.Моша Пијаде, ул. Б.С.Гојчо, ул. Светозар Марковиќ и крак на ул. Моша Пијаде.

Е.1.22 Нацрт Детален урбанистички план за дел од У.Е. "Трета МУБ", дел од Урбан блок 49 плански опфат меѓу ул. "Народна Револуција" , ул. "Ацо Борозански" , и ул."Миле Кипра".

Е.1.23 Нацрт Детален урбанистички план за дел од УЕ Индустрија дел од УБ 77 плански опфат меѓу ул. Индустриска, КП 16260,КП 16258,КП 16257, КП 16161/1, КП 16160/4, КП 16159/1, КП 26131, КП 16262

Е.1.24 Нацрт Детален урбанистички план за дел од УЕ Перо Чичо дел од УБ 18 плански опфат меѓу ул. Ѓорче Петров 1, ул. Ѓорче Петров 2, ул. 1, ул. Ѓорче Петров 3 и граница на Пешачка патека.

Е.1.25 Нацрт Детален урбанистички план за дел од УЕ Х.Т.Карпош дел од УБ 64-ј плански опфат меѓу ул. Владимир Назор, ул. Пролетерски Бригади, ул. Киро Фетак, ул. Борис Кидрич и ул. Карл Маркс.

Е.1.26 Нацрт Детален урбанистички план за дел од УЕ Индустрија дел од УБ 79 плански опфат меѓу државен пат А1 (автопат Е-75 Скопје-Белград), ул. 11-ти Октомври и граница на наменска зона.

Е.1.27 Нацрт ДУП за дел од УЕ 11-ти Октомври дел од УБ 39 плански опфат меѓу ул. Јоско Илиевски, пешачка патека, регулација на река Липковка, пешачка патека и крак на ул. Јоско Илиевски

Е.1.28 Нацрт Детален урбанистички план за дел од У.Е. "11-ти Ноември" Урбан блок 65-з – Општина Куманово

Е.1.29 Нацрт Измена и дополна на ДУП за дел од УЕ Бајрам Шабани дел од УБ 56 плански опфат меѓу ул. Бајрам Шабани, граница на наменска зона, ул. 1 и ул. Тонко Димков

Е.1.30 Нацрт ДУП за дел од УЕ "Гоце Делчев" дел од УБ 31 плански опфат меѓу ул. Тоде Думба, ул. Никшичка и ул. Титова Митровачка.

Е.1.31 Нацрт Детален урбанистички план за дел од У.Е. "Перо Чичо" дел од Урбан блок 18 плански опфат меѓу краци на ул. "Ѓорче Петров"– Општина Куманово

Е.1.32 Нацрт Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од У.Е. "Бајрам Шабани", дел од Урбан блок 56 ,плански опфат меѓу ул. "Милан Зечар" , ул."Народна Револуција" и ул. "Бошко Буха" .

Е.1.33 Урбанистички план за село Романовце

Е.1.34 Нацрт Детален урбанистички план за дел од УЕ Трета МУБ дел од УБ 49 плански опфат меѓу ул. Народна Револуција, ул. Миле Кипра, крак на ул. Нада Михајлова, ул. Нада Михајлова, ул.Васил Драгомански и ул. Власто Радоњанин.

Е.1.35 Нацрт Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од У.Е. "Долно Којнаре" дел од Урбан блок 4 ,плански опфат меѓу ул. "Никола Тесла" граница на УЕ, граница на Урбано подрачје и граница со КП 7543/3, КП 7543/1 и КП 7552 – Општина Куманово

Е.1.36 Нацр измена и дополна на измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од У.Е. "Бајрам Шабани" дел од Урбан блок 56, плански опфат меѓу ул. "Поток Серава" , пешачка патека, ул."Младен Стојановиќ" и ул. "101" – Општина Куманово

Е.1.37 Нацрт Детален урбанистички план за дел од УЕ "1" и УЕ "Проевце" УБ 33-а, 34-б и 22-а.

Е.1.38 Изработка на Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од УЕ "Индустрија " дел од УБ 78 плански опфат меѓу ул. 11-ти Ноември, ул. 2005, ул.200, граница на г.п 10 и државен пат А1 ( автопат Е-75 Скопје- Белград).

Е.1.39 Предлог измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од У.Е. "Панче Пешев" дел од Урбан блок 42,плански опфат меѓу ул. "Иво Лола Рибар" , крак на ул."Октомвриска Револуција" , крак на ул. "Октомвриска Револуција" и бул. "Октомвриска Револуција" – Општина Куманово

Е.1.40 Предлог измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од У.Е. "Трета МУБ" дел од Урбан блок 49, плански опфат меѓу ул. "Васил Драгомански" , ул."Новопланирана" , пешачка патека и ул. "Тоде Димковси Думба" – Општина Куманово

Е.1.41 Изработка на Детален урбанистички план за дел од У.Е. "Гоце Делчев" дел од Урбан блок 30 ,плански опфат меѓу ул. "Б.Б.Гуцман" , крак на ул. "Васко Карангелески", ул. "Васко Карангелески" , ул."АВНОЈ" и ул. "Лесковачка" - Општина Куманово

Е.1.42 Изработка на Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од У.Е. "Центар" дел од Урбан блок 43-г ,плански опфат меѓу ул. "Подземна 1" , ул. "Новопланирана 1", ул. "Тане Георгиев" , и ул."Подземна 2" - Општина Куманово

E.1.43 Изработка на Детален урбанистички план за дел од У.Е. "Х.Т.Карпош" дел од Урбан блок 64-л ,плански опфат меѓу ул. "11-ти Октомври" , граница на намена по ГУП , ул. "Вардарска", ул. "Борис Кидрич" , и крак на ул."11-ти Октомври" - Општина Куманово

E.1.44 Предлог на Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од У.Е. "Бајрам Шабани" дел од Урбан блок 56 ,плански опфат меѓу ул. "Ѓуро Ѓаковиќ" , ул. "Бајрам Шабани", ул. "Новопланирана" и ул."Поток Серава" - Општина Куманово

E.2

Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/1, 31/16 и 136/16 ) во процедура се следниве планови чии инициајативи претходно се одобрени од страна на Комисијата за урбанизам согласно член 21 од погоре наведениот закон и тоа

**E.2.1 Урбанистички планови финансирани од буџетот на Општина Куманово**

E.2.1.1 Предлог Детален урбанистички план за дел од У.Е. "Гоце Делчев" дел од Урбан блок 27 ,плански опфат меѓу регионал пат Куманово-Св. Николе, ул. "2001" , ул. "АВНОЈ" и ул."Видое Смилевски Бато" - Општина Куманово

E.2.1.2 Изработка на ДУП за дел од УЕ „Тоде Мендол" дел од УБ 60 и дел од УБ 62, Плански опфат помеѓу ул.„Благе Илиевски-Гуне", ул.„Тоде Мендол", ул.„Перо Илиевски", ул.„1", ул.„Рушит Шакири",ул.„Тоде Мендол" ул.„Киро Антевски", ул.„Веселин Вујовски", ул.„Правда Спасовска", ул.„Васа Пелагиќ", ул.„Благој Паровиќ", ул.„Тоде Мендол" , граница на Урбана Единицаи ул. ул.„Страшко Симонов".

E.2.1.3 Изработка на ДУП за дел од УЕ Перо Чичо дел УБ 17, Плански опфат помеѓу: ул.„Ѓуро Пуцар-Стари", ул.„6-ти Април", крак на ул.„6-ти Април", ул.„Анѓа Ранковиќ", ул.„Веселин Маслеша", граница на наменска зона, ул.„Ѓорче Петров" и граница на Урбана Единица.

E.2.1.4 Изработка на ДУП за дел од УЕ Перо Чичо дел од УБ 16, Плански опфат помеѓу: ул.„Веселин Маслеша", пешачка патека, ул.„Будимир Димковски", пешачка патека, ул.„Ѓорче Петров" и ул.„Анѓа Ранковиќ".

E.2.1.5 Изработка на ДУП за дел од УЕ Х.Т.Карпош УБ 64-г, Плански опфат помеѓу: ул.„Христијан Тодоровски-Карпош, ул.Пролетерски Бригади, ул.„Трета МУБ" и ул.„ Дојранска".

**E.2.2 Урбанистички планови финасирани од физички и правни лица**

E.2.2.1 Изработка на Детален урбанистички план за дел од У.Е. "Бајрам Шабани", дел од Урбан блок 57 плански опфат меѓу ул. "Бајрам Шабани" , ул. "Франц Розман" , ул. "Драгојло Диндиќ" и ул."Киро Антевски".

E.2.2.2 Предлог измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од У.Е. "Гоце Делчев" дел од Урбан блок 29 плански опфат меѓу ул. "2001" , ул."1" , пешачка патека и ул. "222" – Општина Куманово

E.2.2.3 Предлог измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од У.Е. "Бедиње" дел од Урбан блок 85, плански опфат меѓу ул. "11-ти Ноември" , пешачка патека, ул."1" , ул. "Трајко Јовановски" и ул. "Новопланирана 2" – Општина Куманово

E.2.2.4 Изработка на измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од У.Е. "Тета МУБ " дел од Урбан блок 49 плански опфат меѓу ул. "Трета МУБ" , пешачка патека, ул. Новопланирана"2" ул. "Панчевачка" и пешачка патека – Општина Куманово

E.2.2.5 Изработка на Детален урбанистички план за дел од У.Е. "11-ти Октомври" дел од Урбан блок 40 ,плански опфат меѓу ул. "Црнотравска" , ул. "Доне Божинов", граница на наменска зона, ул. “27-ми Март” и ул. “Тодор Велков” – Општина Куманово

E.2.2.6 Предлог Детален урбанистички план за дел од У.Е. "11-ти Октомври" дел од Урбан блок 38 ,плански опфат меѓу ул. "Никола Тесла" , ул. "2008", ул. “Јоско Илиевски” и граница на Урбана единица – Општина Куманово

E.2.2.7 Предлог Измена и дополна на ДУП за дел од УЕ „Тоде Мендол“, дел од УБ 63, Плански опфат помеѓу: ул.„3-та МУБ“, ул.„Орце Николов“, ул.„Вук Караџиќ“ и ул.„ЈНА“.

E.2.2.8 Предлог Измена и дополна ДУП за дел од УЕ „3-та МУБ“, дел од УБ 48, Блок 5, Плански опфат помеѓу: ул.„3-та МУБ“, ул.„Миле Кипра“, ул.„Перо Шварц“, ул.„Перо Чичо“.

E.2.2.9 Предлог Измена и дополна ДУП за дел од УЕ „Центар“, дел од УБ 43 -в, Плански опфат помеѓу: ул.„Гоце Делчев“, ул.„Борис Кидрич“, ул.„Илинденска“, и ул.„Трст“.

E.2.2.10 Предлог ДУП за дел од УЕ „Тоде Мендл“, дел од УБ 60, Плански опфат помеѓу: ул.„Тоде Мендол“, ул.„Марко Орешковиќ“, ул.„Васа Пелагиќ“, и ул.„1“.

E.2.2.11 Изработка на ДУП за дел од УЕ „Тоде Мендол“, дел од УБ 60, Плански опфат помеѓу: ул.„Есперанто“, ул.„Поток Серава“, ул.„1“, и ул.„Васа Пелагиќ“.

E.2.2.12 Изработка на Измена и дополна на ДУП за дел од УЕ „Тоде Мендол“, дел од УБ 63, Плански опфат помеѓу: крак на ул.„11-ти Октомври“, ул.„11-ти октомври“, ул.„3-та МУБ “, ул.„ЈНА“ и ул.„Новопланирана 1“.

E.2.2.13 Изработка на Измена и дополна на ДУП за дел од Централно градско подрачје, за дел од УЕ „Панче Пешев“, дел од УБ 42, Плански опфат помеѓу: ул.„Димитар Влахов“, ул.„Партизанска“, ул.„Подземна“ и ул.„Подземна Ленинова“.

E.2.2.14 Предлог Измена и дополна ДУП за КП 20449/1, 20449/2 и 26297/5, ГП 13 за дел од УЕ Б.С.Гојчо, УБ 44 Урбан модул Г.

E.2.2.15 Изработка на Измена и дополна на ДУП за дел од УЕ „Тоде Мендол“, дел од УБ 59, Плански опфат помеѓу: ул.„1“, ул.„2002“, ул.„Новопланирана“, ул.„2“.

E.2.2.16 Предлог на ДУП за дел од УЕ „Стари Лојза“, дел од УБ 12, Плански опфат помеѓу: ул.„2011“, крак на ул.„Ѓуро Пуцар Стари“, ул.„Ѓуро Пуцар Стари“, и ул.„Михајло Пупин“.

E.2.2.17 Предлог на ДУП за дел од УЕ „Х.Т.Карпош“, дел од УБ 64-и Плански опфат меѓу ул. „Владимир Назор“, ул.„Гоце Делчев“, ул.„Трст“, ул.„Вардарска“, ул. „Борко Танев“ и ул. „Карл Маркс“.

E.2.2.18 Изработка на УПВНМ за КП 3714 за изградба на објект со намена Б.

E.2.2.19 Предлог ДУП за дел од УЕ „Перо Чичо“, дел од УБ 15, Плански опфат меѓу ул. „Михајло Пупин“ и крак на ул.„Михајло Пупин“.

E.2.2.20 Предлог измена и дополна на ДУП за дел од УЕ „Панче Пешев“ дел од УБ 42, Плански опфат меѓу ул. „Браќа Рибар“, ул.„Партизанска“, ул.„Димитар Влахов“ и ул.„Прохор Пчински“.

E.2.2.21 Предлог Измена и дополна на ДУП за дел од УЕ „Тоде Мендол“ дел од УБ 62 Плански опфат помеѓу ул. „Трета МУБ“, ул. „Тоде Мендол“, ул. „Зелен Пазар“ и ул. „Страшко Симонов“.

E.2.2.22 Предлог на Измена и дополна на ДУП за КП 18050, ГП 20 за дел од УЕ Б.Шабани, УБ 56.

Е.2.2.23 Предлог измена и дополна на измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од У.Е. "Проевце" дел од Урбан блок 23-а плански опфат меѓу ул. "Сервисна улица 1" , ул."Сервисна улица 2" , граница на Урбана Единица и Урбан Блок,пешачка патека и ул. "Станбена улица 2" – Општина Куманово

Е.2.2.24 ЛУПД за изградба на стовариште на КП 3641/2 м.в Бабин Дол КО Куманово- Општина Куманово

Е.2.2.25 ЛУПД за вон населено место за изградаба на бензиска пумпна станица со услужен центар со намена Е2 на КП 1962/3 м.в Речица КО Горно Којнаре – Општина Куманово

Е.2.2.26 Предлог измена и доплна на Детален урбанистички план за дел од У.Е. "11-ти Ноември" дел од Урбан блок 67 ,плански опфат меѓу ул. "Божидар Мицковиќ" , ул. "4-ти Јули", ул. "Трета МУБ" и автопат Скопје - Белград- Општина Куманово

Е.2.2.27 Предлог измена и доплна на Детален урбанистички план за дел од У.Е. "Тоде Мендол" дел од Урбан блок 62 ,плански опфат меѓу ул. "Тоде Мендол" , ул. "Благој Илиев Гуне", ул. "Страшко Симонов" и ул. "Вук Караџиќ " - Општина Куманово

Е.2.2.28 Предлог Детален урбанистички план за дел од У.Е. "Индустрија" дел од Урбан блок 83 ,плански опфат меѓу регионален пат Р-102, граница на УЕ и ул. "Новопланирана" - Општина Куманово

Е.2.2.29 Предлог ДУП за дел од УЕ „Бајрам Шабани", дел од УБ 54, Плански опфат помеѓу: пешачка патека, ул.„Максим Горки", ул.„Бајрам Шабани", ул.„2001" и ул.„Франц Розман".

Е.2.2.30 Изработка на ДУП за дел од УЕ „Гоце Делчев", дел од УБ 30, Плански опфат помеѓу: ул.„Б.Б.Гуцман", ул.„Трета МУБ", ул.„В.С.Бато", ул.„В.Карангелески" и крак на ул. „В.Карангелески".

Е.2.2.31 Предлог ДУП за дел од УЕ „1", УБ 34-а плански опфат меѓу ул."Ѓорче Петров", граница на УЕ, ул."2016" и граница на УБ – Општина Куманово

Е.2.2.32 Изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на комплекс со основна класа на намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија на КП 88/1, КП 200 КО Биљановце вон г.р. – Општина Куманово.

Е.2.2.33 Предлог на ДУП за дел од УЕ„Бедиње", дел од УБ 85, Плански опфат меѓу: ул.„Новопланирана", ул.„Новопланирана 1" и ул.„Трајко Јовановски" – Општина Куманово.

Е.2.2.34 Изработка на Детален урбанистички план за дел од У.Е. "Гоце Делчев" дел од Урбан блок 32,плански опфат меѓу ул. "Б.Б.Гуцман" , ул. "Драган Стопаревиќ", ул. "Панчевачка" , ул."Новопланирана" и пешачка патека - Општина Куманово

Е.2.2.35 Изработка на ДУП за дел од УЕ „Бајрам Шабани", дел од УБ 54, Плански опфат помеѓу: пешачка патека, ул.„Максим Горки", ул.„Бајрам Шабани", ул.„2001" и ул.„Франц Розман".

Е.2.2.36 Изработка на Измена и дополна на ДУП за дел од УЕ „3-та МУБ", дел од УБ 53; Плански опфат меѓу: граница на наменска зона, КП 24003, граница на Урбан Блок, ул.„2001", граница на Урбана Единица – Општина Куманово.

Е.2.2.37 Изработка на ДУП за дел од УЕ „Гоце Делчев", дел од УБ 29; Плански опфат помеѓу: ул.„АВНОЈ", ул.„Мирче Ацев", ул.„Рајко Жинзифов", ул.„Страшо Пинџур" и ул.„222"– Општина Куманово.

Е.2.2.38 Изработка на ДУП за дел од УЕ „Б.С.Гојчо", дел од УБ 47; Плански опфат помеѓу: ул.„Браќа Рибар", ул.„Перо Чичо", ул.„ Моша Пијаде" и ул.„Новопроектирана 1"– Општина Куманово.

E.2.2.39 Изработка на ДУП за дел од УЕ „11-ти Октомври“, дел од УБ 37; Плански опфат помеѓу: ул.„2008“, ул.„Никола Тесла“, пешачка патека, ул.„Новопланирана 1“ и ул.„Новопланирана 2“ и граница на КП 9501 – Општина Куманово.

E.2.2.40 Изработка на ДУП за дел од УЕ „Тоде Мендол“, дел од УБ 61, Плански опфат помеѓу: ул.„Павле Станоев“, ул.„Доктор Рибар“, ул.„Васил Антевски“ и ул.„Тоде Мендол“ - Општина Куманово.

E.2.2.41 Изработка на УПС Доброшане,

E.2.2.42 Изработка на УПС Биљановце,

E.2.2.43 Изработка на УПС Лопате,

E.2.2.44 Изработка на УПС Черкезе,

E.2.2.45 Изработка на ДУП за дел од УЕ „Индустрија“, дел од УБ 83; Плански опфат меѓу: граница на градежен реон, граница на Урбана Единица, ул.„Октомвриска револуција“, регионален пат Р2133, КП 9700– Општина Куманово.

E.2.2.46 Изработка на ДУП за дел од УЕ „Центар“, УБ 43-б; Плански опфат помеѓу: ул.„Народна револуција“, ул.„Кирил и Методиј“, ул.„Илинденска“ и паркинг на ул.„Вардарска“ – Општина Куманово.

E.2.2.47 Изработка на Измена и дополна на ДУП за дел од УЕ „Стари Лозја“, дел од УБ 11, Плански опфат помеѓу: ул.„Доне Божинов“, крак на ул.„Доне Божинов“, граница на наменска зона, ул.„100“ и ул.„300“ – Општина Куманово.

E.2.2.48 Изработка на Измена и дополна на ДУП за дел од УЕ „3-та МУБ“, дел од УБ 49; Плански опфат помеѓу: ул.„3-та МУБ“, пешачка патека, ул. “Новопланирана“, пешачка патека и ул.„Драган Стопаревиќ“, – Општина Куманово.

E.2.2.49 Изработка на Измена и дополна на ДУП за дел од УЕ „Б.С.Гојчо“, дел од УБ 46; Плански опфат помеѓу: ул.„1“, крак на ул. “1“, ул.„100“ и ул. “Моша Пијаде“, – Општина Куманово.

E.2.2.50 Изработка на Измена и дополна на ДУП за дел од УЕ „11-ти Ноември “, УБ 65-ѓ; Плански опфат помеѓу: граница на Урбана Единица, ул.„Црнотравска“, ул.„2007“, ул.„Никола Вапцаров“ и ул. „2006“– Општина Куманово.

E.2.2.51 Изработка на Измена и дополна на ДУП за дел од УЕ „Бедиње“, дел од УБ 85; Плански опфат помеѓу: ул.„Трајко Јовановски“, ул.„Новопланирана 2“, ул.„Новопланирана 1“ и ул.„Новопланирана 5“ – Општина Куманово.

E.2.2.52 Изработка на ДУП за дел од УЕ „11-ти Ноември“, дел од УБ 67; Плански опфат помеѓу: ул.„Боро Прцан“, ул.„Србо Томовиќ“, ул.„Страшко Арсов“ и државен пат А1 автопат Скопје-Белград – Општина Куманово.

E.2.2.53 Изработка на измена и дополна на ДУП за дел од УЕ „Панче Пешев“, дел од УБ 42; Плански опфат помеѓу: ул.„Октомвриска Револуција“, ул.„Пионерска“, ул.„Димитар Влахов“ и ул.„Доне Божинов“ – Општина Куманово.

E.2.2.54 Изработка на ДУП за дел од УЕ „Индустрија“, дел од УБ 72, Плански опфат помеѓу: ул.„11-ти Октомври“, ул.„Железничка“, пешачка патека , крак на ул.„Новопланирана 1“, ул. „Новопланирана 1“, ул. „2003“, граница на КП 22689, КП 22690, КП 22691 и КП 16359 – Општина Куманово

E.2.2.55 Изработка на ДУП за дел од УЕ „Долно Којнаре“, дел од УБ 4; Плански опфат помеѓу: ул.„Никола Тесла“,крак на ул.„Никола Тесла“, и граница на УБ – Општина Куманово.

E.2.2.56 Изработка на ДУП за дел од УЕ „Индустрија“, дел од УБ 76, Плански опфат помеѓу: ул.„Индустриска“, ул.„Железничка“, ул.„2008“ граница на КП 16325, КП 16326, КП 16327, КП 16330/1 и КП 16330/2 - Општина Куманово.

Е.2.2.57 Изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на комплекс со основна класа на намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија на КП 88/2, КО Биљановце вон г.р. – Општина Куманово

Е.2.2.58 Изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на комплекс со основна класа на намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија на КП 23 и КП 24/2 КО Режановце вон г.р. – Општина Куманово

Урбанистичките планови од **точка Е.2.2 (финансирани од физички и правни лица)** од оваа Програма доколку во рок од шест (6) месеци од денот на Одобрена иницијатива не ја започнат постапката за донесување на планот односно не поднесат барање за одобрување на планска програма согласно член 26 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 136/16) ќе се смета дека се откажале од истиот и нивниот урбанистички план ќе биде иземен од годишната Програма.

## II. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за урбанистичко планирање на подрачјето на Општина Куманово се финансира од буџетот за 2018 година и правни и физички лица чии барања се вградени или ќе се вградат во оваа програма.

## III. СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

Општина Куманово финасира урбанистичко планирање од средствата предвидени со буџетот за 2018 година со програма за урбанистичко планирање во износ од 15.866.500,00 денари.

## IV. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамика на извршување ќе зависи од створените правни и технички услови, како и од приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежно земјиште и другите средства.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Куманово, Сектор за урбанизам , комунални дејности и заштита на животната средина и природата.

Во текот на годината , а во зависност од потребите, Програмата може да претрпи измени и дополнувања.

Врз основа на годишната програма за изработка на урбанистички планови, Општината како нарачател на дел од плановите склучува договор за изработка на планови согласно Законот, со правни лица кои имаат овластувања и лиценци за изработка на урбанистички планови.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09-668/13
30 јануари 2018 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Атина Мургашанска, с.р.**

**9.**

Врз основа на член 50, став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М. бр.05/02"), член 62, став 6 и член 67, став 1 и 2 од Законот за ученички стандард („Службен весник на Р.М.", Бр.52/05, 117/08, 17/11, 135/11, 15/13, 41/14, 146/15, 30/16 и 127/16), Градоначалникот на Општина Куманово донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за констатирање престанок на мандат на вршител на должност - директор на Јавна установа-Општински Ученички Дом „Професор Мијалковиќ" – Куманово**

1. Мандатот на вршител на должност - директор на Јавна установа-Општински Ученички Дом „Професор Мијалковиќ"-Куманово, **Љубица Павловски,** престанува поради истекот на периодот на мандатот за кој е избран, заклучно со 18.12.2017год.
2. Со донесување на ова Решение, престанува да важи Решението на Градоначалникот на Општина Куманово Бр.08-УП1-2128/2017 од 19.06.2017 год.;
3. Решението стапува во сила со 19.12.2017 година и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со Решение на Градоначалникот на Општина Куманово Бр.08-УП1-2128/2017 од 19.06.2017 година, Љубица Павловски беше избрана за вршител на должност – Директор на Јавна Установа-Општински Ученички Дом „Професор Мијалковиќ" – Куманово, со мандат до 6 месеци. Согласно одредбите од Законот за ученички стандард за периодот на траењето на мандатот на вршител на должност – директор на општински ученички дом и за надлежностите на Градоначалник на Општина, Градоначалникот на Општина Куманово одлучи како во диспозитивот на ова Решение.
**Упатство за правно средство**: На ова Решение е дозволена жалба во рок од 8 дена од добивањето до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр. 08-УП1-2128
18 декември 2017 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**10.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 и чл. 63 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М. бр.05/02"),чл. 62, ст. 6 и чл. 67, ст. 1 и 2 од Законот за ученички

стандард („Службен весник на Р.М.“, Бр.52/05, 117/08, 17/11, 135/11, 15/13, 41/14, 146/15 и 30/16), Градоначалникот на Општина Куманово донесе

## РЕШЕНИЕ
## за именување на вршител на должност - директор на Јавна Установа-Општински Ученички Дом „Професор Мијалковиќ“ – Куманово

4. За вршител на должност - директор на Јавна установа – Општински Ученички Дом „Професор Мијалковиќ“ – Куманово, **СЕ ИМЕНУВА Љубица Павловски**, ВСС, воспитувач во именуваната јавна установа.
5. Мандатот на вршител на должност -директор на училиштето од точка 1, трае до изборот на директор на училиштето, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување;
6. Решението влегува во сила со 19.12.2017 година и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово“.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со Решение на Градоначалникот на Општина Куманово беше констатиран престанок на мандатот на вршител на должност – Директор на ЈУ-ОУД „Професор Мијалковиќ“ – Куманово, поради истек на периодот на мандатот. Согласно член 67, став 1 и 2 од Законот за ученички стандард, Градоначалникот во рок од три дена од разрешувањето на директорот, именува вршител на должност – Директор, од редот на вработените во ученичкиот дом. Поради незавршената постапка за избор на директор на ученичкиот дом, а постапувајќи согласно наведениот закон, Градоначалникот одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Упатство за правно средство: На ова Решение е дозволена жалба во рок од 8 дена од добивањето до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр. 08-УП1-7063
21 декември 2017 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**11.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“, Бр.05/02) и член 135 став 4 и став 5 од Законот за основно образование („Службен весник на Р.М.“ бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17), Градоначалникот на Општина Куманово донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за констатирање на престанок на мандат на вршител на должност -директор на Општинско Основно Училиште „Битолски Конгрес“с.Лопате - Куманово

1. Мандатот на вршител на должност – директор на ООУ „Битолски Конгрес“- с.Лопате Куманово, **Рамадан Али**, престанува поради истекот на мандатот за кој е избран;

2. Со донесување на ова Решение престанува да важи Решението на Градоначалникот на Општина Куманово, Бр.08-УП1 2414/2017 од 11.07.2017 година;
3. Решението влегува во сила со 11.01.2018 година и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со Решение на Градоначалникот на Општина Куманово, Бр.08-УП1-2414/2017 од 11.07.2017 година, Рамадан Али беше избран за вршител на должност– директор на ООУ „Битолски Конгрес"с.Лопате–Куманово, со мандат до 6 месеци.

Согласно горенаведеното, како и одредбите од Законот за основно образование за периодот на траењето на мандатот на В.Д. -директор на основно училиште и за надлежностите на Градоначалник на Општина, Градоначалникот на Општина Куманово одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Упатство за правно средство: На ова Решение е дозволена жалба во рок од 8 дена од добивањето до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр. 08-УП1-396 Градоначалник
9 јануари 2018 година на Општина Куманово,
Куманово **Максим Димитриевски, с.р.**

12.

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М." бр.05/02"), член 135, став 1, став 4 и став 5 од Законот за основно образование („Службен весник на Р.М." бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17),Градоначалникот на Општина Куманово донесе

РЕШЕНИЕ

**за именување на вршител на должност - директор на Општинско Основно Училиште „Битолски Конгрес "-с.Лопате- Куманово**

1. **СЕ ИМЕНУВА Шпенд Мухтари**, ВСС, одделенски наставник,за вршител на должност - директор на ООУ „Битолски Конгрес "-с.Лопате-Куманово;
2. Мандатот на вршител на должност -директор на училиштето од точка 1, трае до изборот на директор на училиштето, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување;
3. Решението влегува во сила со 11.01.2018 година, и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со Решение на Градоначалникот на Општина Куманово, беше констатиран престанок на мандатот на вршител на должност директор на ООУ „Битолски Конгрес"-с.Лопате - Куманово.

Согласно член 135, став1 од Законот за основно образование, Градоначалникот во рок од три дена од разрешувањето на директорот, именува Вршител на должност-Директор на училиштето.
Согласно одредбите од Законот за основното образование, Градоначалникот на Општина Куманово, одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Упатство за правно средство: На ова Решение е дозволена жалба во рок од 8 дена од добивањето до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр. 08-УП1-396 Градоначалник
9 јануари 2018 година на Општина Куманово,
Куманово **Максим Димитриевски, с.р.**

13.

Врз основа на член 50, став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М." бр.05/02") и член 128, став 6 и член 132 став 1 од Законот за основно образование („Службен весник на Р.М." бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17), Градоначалникот на Општина Куманово донесе

## РЕШЕНИЕ
**за констатирање на престанок на мандатот – Директор на Општинско Основно Училиште „Бајрам Шабани" - Куманово**

1. Мандатот на директор на ООУ „Бајрам Шабани" -Куманово, **Гзим Рушити**, престанува, поради истек на мандатот за кој е избран, заклучно со 30.01.2018 година;
2. Со донесување на ова Решение престанува да важи Решението на Градоначалникот на Општина Куманово за избор на директор на ООУ „Бајрам Шабани" - Куманово, Бр.08-УП1 712 од 31.01.2014 година.
3. Решението влегува во сила со 31.01.2018 година, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со Решение на Градоначалникот на Општина Куманово, Бр.08-УП1 712 од 31.01.2014 година, Гзим Рушити беше избран за директор на ООУ „Бајрам Шабани" -Куманово, со мандат од 4 години.

Согласно одредбите од Законот за основното образование за периодот на траењето на мандатот на директор на основно училиште и за надлежностите на Градоначалник на Општина, Градоначалникот на Општина Куманово одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Упатство за правно средство:
На ова Решение дозволена е жалба во рок од 8 дена од денот на добивањето, до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр. 08-УП1-2754
29 јануари 2018 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**14.**

Врз основа на Член 50, став 1, точка 16 и член 63 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“, Бр.05/02) и Член 135, став 1, 4 и 5 од Законот за основно образование („Службен весник на Р.М.“, Бр.103/08, 48/09, 82/09, 88/09, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17), Градоначалникот на Општина Куманово донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
### за именување на вршител на должност-директор на Општинско Основно училиште „Бајрам Шабани“ - Куманово

1. За вршител на должност - директор на Општинско Основно Училиште „Бајрам Шабани“ - Куманово се именува **Мустафа Ебиби**, ВСС, наставник по физичко и здравствено образование;
2. Мандатот на вршителот на должност - директор на училиштето од точка 1 на ова Решение, трае до изборот на директор на училиштето, а најмногу до 6 месеци;
3. Решението стапува во сила со 31.01.2018 година и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово“.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со Решение на Градоначалникот на Општина Куманово, беше констатиран престанок на мандатот на директорот на ООУ„Бајрам Шабани“,- Куманово, поради истек на мандат.

